и да го брани своето минато и сегашност.

Од тој интерес Собранието на СДИ СРМ предлага наставата по историја во основното и средното насочено образование да има адекватна застапеност со поголем фонд на часови од постојанава состојба.

Нашиот предлог се базира и на фактот дека младиот човек историјата денес ја изучува само во основното и првите две години на средното образование и никогаш повеќе не ќе има можност на организиран начин да ја изучува, вклучувајќи го вишето и високото образование, како што е например случајот со предметот марксизам и самоуправување кој е застапен и во III и и IV клас на средното образование.

Затоа Собранието бара:

1. Наставниот предмет историја во V одделение од 1 да биде застапен со 2 часа седмично.

2. Во средното образование да се зголеми фондот на часовите со уште 2 часа седмично кои ќе овозможат историјата да биде застапена и во III клас.

Собранието е длабоко уверено дека барањето е оправдано и благовремено, за да не се дојде до несакани последици кои можат да произлезат од недоволната присутност на историјата во системот на образованието и воспитанието на младите луѓе.

Од присутните на XVI редовно годишно собрание на Сојузот на друштвата на историчарите на СРМ

Куманово, 7 април 1984 г.

**Марјан ДИМИТРИЕВСКИ**

## НАУЧЕН СОБИР „САМОУПРАВАТА ВО МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИЈА“

Во рамките на манифестацијата „ГОЦЕВИ ДЕНОВИ '84“, на 26 и 27 мај, во детското одморалиште на Голак, недалеку од Делчево, се одржа научен собир за САМОУПРАВАТА ВО МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИЈА, на кој учествуваа повеќе научни работници од нашата и од другите братски републики. Во дискусијата учествуваше и Лазар Мојсов, член на Претседателството на СФРЈ. Научниот сосир го следеа мнозина просветни и културни работници од Делчево и од околните општински центри, како и претставници од збратимените градови со Делчево: Светозарево, Свети Николе, Струмица, Тетово и Титов Велес.

Советот на манифестацијата „ГОЦЕВИ ДЕНОВИ '84“ се определи за оваа тема — ИДЕЈАТА НА САМОУПРАВАТА ВО МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИЈА — не само поради одбележувањето на годишнината од загинувањето на великанот на македонското ослободително движење — ГОЦЕ ДЕЛ-

ЧЕВ, во чија чест се одржува и оваа 18-та по ред манифестација, туку и под знакот на 40-годишнината од одржувањето на Првото заседание на АСНОМ, кога на 2. VIII — на ИЛИНДЕН, 1944 година, беше конституирана Федерална Демократска Македонија, денес СРМ, во рамките на СФРЈ, братска заедница на рамноправни народи и народности. Причината за изборот на ова тема лежи и во потребата таа да најде заслужено место во нашата историографија, како изворно автентичен изразувач на исконската желба и волја на македонскиот народ да живее целосно слободен и национално рамноправен.

Научниот собир го отвори Димче Беловски, член на Претседателството на ЦК СКЈ, претседател на Советот на манифестацијата „ГОЦЕВИ ДЕНОВИ 1984" задржувајќи се на поимските содржини САМОУПРАВА и САМОУПРАВУВАЊЕ, акцентирајќи ја нивната разлика. Неговиот воведен збор, 13-те реферати и дискусијата отворија низа страници на познати и сосема нови документи за САМОУПРАВАТА ВО МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИЈА, која објаснета како борба за самовладеење во рамките на Отоманската империја беше проследена низ нејзиниот подемен квалитетен развој во децениите на XX век сè до историското и државно-правното значење на актите на Првото заседание на АСНОМ.

Рефератите во целина се надополнуваа едни со други, навлегувајќи во суштинското објаснување и во што порелјефното осветлување на настаните за кои тематски се беа определиле. Секој од нив открива страници на познати и на сосема нови документи за самоуправата во македонската револуција, за нејзиниот однос спрема македонската национална самобитност, за споредбите на историските настани на национален и на меѓународен план, за односот на напредната светска јавност спрема самоуправата во македонската револуција, за суштинското и појавното во борбата за вистинска слобода и независност на македонскиот народ, за прагматизмот на великодржавничките интереси на соседите со претензии за владеење над Македонија, за поврзувањето на социјалното и националното во општествените процеси на дејствувањето на Комунистичката интернационала и на комунистичките партии на Балканот, како и за влијанието на Лениновиот октомври и на пролетерското движење во југословенските земји. Беше осветлувано и дејствувањето на однелни македонски личности на овој план, пишувањето на странскиот печат за македонската самоуправа и воопшто за настаните за време на Балканските војни, акцентирајќи ги притоа и рефлексите на самоуправата во македонската револуција како национално револуционерно наследство до АВНОЈСКО-АСНОМСКИОТ ПЕРИОД.

Рефератот под наслов „Идејата за самоуправа во уставите на Кресненското востание и на Македонската лига во 1880 година" го поднесе м-р Владо Поповски. Во споредбената обработка на идејата за самоуправа кај Светозар Марковиќ и кај македонските востаници, тој се осврна врз пробле-

матиката околу проектираната заедничка држава со самоуправна и демократска карактеристика која требаше да биде неговата општествено изразна форма. Авторот презентира и нови оригинални документи.

Д-р Данчо Зографски говореше на тема „Идејата“ за автономија од Кресненското востание до АСНОМ“ и низ богатата синтетична мисла зафати повеќе етапи од развојот на македонската самоуправа. Париската комуна од 1871 година остави богато наследство во светското револуционерно движење. Никулците и појавата на самоуправата и учеството на социјалните групации од Кресненското востание до Крушевската република со компаративен приод кон Париската комуна беше предмет на искажувањето на Томе Момировски.

За идеите и предлозите на македонската самоуправна среде меѓународната јавност 1903—1904 говореше д-р Александар Христов кој революционерните комитети на ВМРО како форми на локална самоуправа ги прикажа споредбено со НОО од НОВ и Револуцијата, укажувајќи на специфичностите на комитетите во кои имаше и елементи на власт.

Д-р Христо Андонов-Полјански во својот реферат под наслов „ИДЕИТЕ И ПРЕДЛОЗИТЕ НА МАКЕДОНСКАТА САМОУПРАВА СРЕДЕ МЕЃУНАРОДНАТА ЈАВНОСТ“ изнесе нови документи, особено за промакедонските митинзи во Велика Британија на кои во 50 резолуции се барало автономија на Македонија.

За обласната самоуправа во Македонија во Програмата на револуционерната левица од 1908 година говореше д-р Манол Пандевски, истакнувајќи го придонесот на Јане Сандански, и Димо Хаџи Димов, Мирасчиев, Харлаков, Димитар Влахов и други за содржинската концепција на Програмата, која влезе во основата на Програмата на Народната федеративна партија на основачкиот конгрес во август 1909 во Солун.

Д-р Александар Форишковиќ од Нови Сад во рефератот на тема: „Македонија во новинарските написи на Лав Бронштајн-Троцки во 1912—1923 година“ изнесе повеќе податоци од виенски весници кои говорат за низа настани на Балканот и во Македонија, давајќи описи од Штип, Тетовско, Битола и др. градови.

Октомвриската револуција и борбата на македонскиот народ за слобода беше темата на д-р Владо Картов, кој од повеќе аспекти го протолкува влијанието на овој мошне значаен историски настан врз борбата на македонскиот народ за слобода, задржувајќи се посебно и на Привременото претставништво на ВМРО, потоа на ВМРО (об.) за да ги истакне новите квалитетни содржини што резултираа од симбиозата на класното и националното во борбата на напредните македонски сили за народна власт, во која ќе се проткајуваат највредните државно-правни традиции од самоуправата во македонската револуција.

Рефератот на д-р Станислава Копривица-Оштриќ и на д-р Владо Оштриќ од Загреб, изнесен во тезиска форма, се задржа на револуционерното движење на пролетаријатот во југословенските

земји и на самоуправата и самоуправувањето.

Осврнувајќи се на револуционерното дело на Димо Хаџи Димов д-р Орде Ивановски се задржа на ставовите на Димо Хаџи Димов за карактерот на македонската автономија, разголувајќи ја буржоаската историографија и денешната бугарска историографија, која вистинската македонска автономија и борбата за национална самостојност ги толкува прагматистички во интерес на великобугарските претензии спрема Македонија.

Д-р Младен Матиќ од Сараево говореше за подемот на македонската самоуправа од Кресненското востание до АСНОМ. Притоа тој посебно ги акцентира активностите на Серскиот револуционерен округ, на Привременото претставништво на ВМРО, особено на Мировната конференција во Париз, за да се задржи подетално и на АВНОЈСКО-АСНОМСКИОТ ПЕРИОД.

Д-р Бранко Петрановиќ од Белград во своето излагање се задржа на АВНОЈ во компаративната анализа што претставува дел од неговиот пообемен труд посветен на компаративното изучување на движењето на Отпорот на Европа. Коментирајќи ги специфичностите на АВНОЈ, споредени со други парламенти во Европа создавани во текот на Војната, тој истакна дека АВНОЈ ја озакони концепцијата на федерацијата на рамноправни народи, потпирајќи се на порано изградената политичка и воено-институционална форма, каде што изразито е наведен националниот суверенитет на членките на федерацијата, но истовремено е назначено дека АВНОЈ е претставник на суверенитетот на народите на Југославија во целина.

Историското и државно-правното значење на актите на Првото заседание на АСНОМ беше тема на рефератот на д-р Владимир Митков. Откако го проследи нивниот зародиш уште во Манифестот на Главниот штаб на НОВ и ПОМ од октомври 1943 година. како и во други документи, тој ги коментираше познатите 9 акти, 7 резолуции и 1 декларација што ги усвои АСНОМ на своето прво заседание, на 2 август 1944 година.

Дискусијата беше мошне плодна. Во неа покрај другите учествуваше и Лазар Мојсов, член на Претседателството на СФРЈ. Давајќи бележит компаративен опис на настаните на самоуправата во македонската револуција, тој ги прокоментира од аспект на денешните меѓународни настани во врска со борбата на палестинскиот народ и на другите сé уште поробени народи во светот, при што искуството на македонското националноослободително и револуционерно движење претставува вистинска поука и своевидна афирмација, особено во регионите на светот каде што се проткајуваат многу сфери на влијанија што на овој или оној начин ја задушуваат вистинската борба за слобода на поробените народи и покрај бележитата активност на ООН, како значаен меѓународен парламент. Беа апострофирани многу сличности на овој план во однос на минатото на македонскиот нарон, како и на неговата денешна по-

ложба, а кој во СФРЈ — братска заедница на југословенските рамноправни народи и народности ја покажа својата витална сила во Гоцевско-Титовска смисла на творечко постоење и сеопфатно благордно зрачење на меѓународната сцена.

Ѓурѓевка ДОНЕСКА-ТРЕНЧЕВСКА

## ОСМИ КОНГРЕС НА ИСТОРИЧАРИТЕ ОД ЈУГОСЛАВИЈА

Од 20 до 22 октомври во Аранѓеловац се одржа Осмиот конгрес на историчарите од Југославија. Во работата на Конгресот учествуваа преку 500 историчари-делегати, практичари и научни работници, членови на друштвата на историчарите од републиките и покраините. Од нашата Република на Конгресот беа присутни 35 историчари, кои поднесоа 18 соопштенија. На Конгресот присуствуваа и претставници на општественополитичките организации од сојузните органи, од Република Србија и општината Аранѓеловац.

**Основна тема на конгресот беше: „Ослободителните и општествените движења во историјата на народите и народностите на Југославија со посебен осврт на второто заседание на АВНОЈ“**

Конгресот работеше на пленарни седници и во седум секции. На пленарните седници беа поднесени четири реферати:

— КПЈ и прашањето за власта во Револуцијата со посебен осврт на одлуките на АВНОЈ;

— Местото на наставата по историја во реформираното училиште;

— Проблемите на наставата по историја на универзитетите и

— Некои нови моменти во марксистичкото сфаќање на историјата.

Темите според кои работеа секциите беа:

— Римските освојувања на нашите земји и формите на отпор на тие освојувања; проблемите на феудализацијата на општеството и отпорите против феудализацијата (I и II секција);

— Борбата на нашите народи против туѓинските освојувања, ослободителните движења против странската власт и општествените движења во југословенските земји во XVI и XVIII век (III секција);

— Општествените движења во ослободување на народите и народностите на Југославија од почетокот на XIX век до 1918 г. (IV секција);

— Општествените движења во Југославија во времето меѓу Двете светски војни (V секција);

— НОБ како општонародна војна и социјалистичка револуција (VI секција) и

— Општествените движења во социјалистичка Југославија.

На овие теми беа поднесени 124 соопштенија.